**РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА**
**СОБРАНИЕ**

**ЗАКОН**

**Бр. 10 221, датум 04.02.2010**

# ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА[1]

*(Изменет со законот бр. 124/2020)*
*(Ажуриран)*

Врз основа на членовите 18, 78 и 83 точка 1 на Уставот, по предлог на една група пратеници,

СОБРАНИЕТО

НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

ОДЛУЧИ:

## ПРВО ПОГЛАВЈЕ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

### Предмет

Со овој закон се уредува примената и почитувањето на принципот на еднаквост и недискриминација во однос на расата, етничката припадност, бојата на кожата, јазикот, државјанството, политичкото, верското и филозофското уверување, економскиот, образовниот или општествен статус, полот, родовиот идентитет, сексуалната ориентација, сексуална објектификација, соживотот со ХИВ/СИДА, бременост, родителска припадност, родителска одговорност, возраст, семејна или брачна состојба, матична состојба,

---

[1] Целосно усогласен со:

1. 32000L0043, Директива на Советот 2004/43/ЕЗ од 29 јуни 2000 година за "Спроведување на принципот за еднаков третман на луѓето без разлика на нивната раса или етничко потекло".
2. 32000L0078, Директива на Советот 2000/78/ЕЗ од 27 ноември 2000 година за "Воспоставување на општа рамка за еднаков третман во вработувањето и занимањето".
3. 32004L0113, Директива на Советот 2004/113/ЕЗ од 13 декември 2004 година за "Спроведување на принципот за еднаков третман на мажите и жените во пристапот и обезбедувањето на стоки и услуги".
4. 32006L0054, Директива на Европскиот парламент и на Советот 2006/54/ЕЗ од 5 јули 2006 година за "Примена на принципот на еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените во областа на вработувањето и занимањето".

живеалиште, здравствена состојба, генетски предиспозиции, надворешниот изглед, ментална или телесна попреченост, припадност на маргинализирана група, или која било друго основа.

Член 2

**Цел**

Цел на овој закон е обезбедување на правото на секој поединец за:

а) еднаквост пред законите и еднаква заштита со закон;

б) еднакви можности и овозможување на примена на правата, за уживање на слободите и за учество во јавниот живот;

в) mbrojtje efektive nga diskriminimi dhe nga çdo formë sjelljeje që nxit diskriminimin.

Член 3

**Дефиниции**

1.“Дискриминација” е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство, врз основа на било која причина наведена во членот 1 на овој закон, што има за цел или резултат спречување или оневозможување за остварување на ист начин со другите на основните права и слободи признати со Уставот на Република Албанија, меѓународните акти ратификувани од Република Албанија, како и закони на сила.

2. “Директна дискриминација” е оној облик на дискриминација што се случува кога со едно лице или група се постапувало или би се постапувало неповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз основа на било која причина наведена во членот 1 на овој закон.

3. “Меѓу-секторска дискриминација” е оној облик на дискриминација во кој неколку причини дејствуваат и соработуваат едни со други во исто време, на таков начин што тие би биле неразделни и произведуваат посебни форми на дискриминација.

4. “Дискриминација по асоцијација” е оној облик на дискриминација која се појавува кога има разликување, ограничување или давање првенство заради поврзаност со лица кои припаѓаат на групите наведени во членот 1 на овој закон, како и заради претпоставка за такво здружување.

5. “Повеќекратна дискриминација” е оној облик на дискриминација што се појавува кога едно лице или група се третираат на помалку поволен начин од друго лице или група во иста или слична ситуација, засновани на две или повеќе причини што дејствуваат одделно.

6. “Структурна дискриминација” е оној облик на дискриминација која се однесува на правилата, нормите, практиките, моделите на ставови и однесувања на институциите и другите општествени структури, кои свесно или несвесно претставуваат пречки за лица или групи за да ги имаат истите права и можности како другите и кои придонесуваат за помалку поволни резултати за нив во однос на другите.

7. “Индиректна дискриминација” е оној облик на дискриминација што се појавува кога одредена одредба, критериум или практика, навидум непристрасна, би поставила лице или група во неповолна положба од причините наведени во членот 1 на

овој закон во споредба со друго лице или група, кога таа одредба, критериум или практика не е објективно оправдана со легитимна цел, или кога средствата за постигнување на таа цел не се соодветни, или не се суштински и во еднаков размер со причините кои што ја предизвикале.

8. “Говорот на омраза“ е секој облик на изразување во јавноста, со секое средство, за унапредување, поттикнување на деградирање, омраза или клевета, секое вознемирување, навреда, негативен стереотип, стигматизација или закана кон едно лице или група, како и секое оправдување во сите форми на изразување засновано врз неисцрпен список на причини, според членот 1 на овој закон.

9. “Одбивање да се преземе разумно прилагодување” е оној облик на дискриминација што се појавува секогаш кога има одрекување или приговор за вршење на неопходни и соодветни измени или прилагодувања, кои се неопходни во одреден случај и не наметнуваат преголем товар, со цел да се обезбеди уживање и остварување врз еднаква основа на основните права и слободи, признати со националната правна рамка, за лица со ментална и телесна попреченост, или кои се појавуваат по некоја од основите наведени во членот 1 на овој закон.

10. “Поттикнување и повикување за дискриминација” е оној облик на дискриминација што се јавува кога едно или повеќе лица поттикнуваат и помагаат на едно или повеќе други лица, вклучувајќи го и неговото финансирање, со цел да дискриминираат, врз основа на било која од причините наведени во членот 1 на овој закон.

11. “Организации со легитимни интереси” се организациите регистрирани во Република Албанија чии предмет на нивната активност ги имаат заштитата на човековите права, или нудат поддршка на жртвите на дискриминација.

12. “Цел прогласена за дискриминација” е оној облик на дискриминација што се јавува врз основа на која било од причините наведени во членот 1 на овој закон, дури и во отсуство на конкретна жртва.

13. “Вознемирување” е оној облик на дискриминација што се јавува во случај на несакано постапување, поврзано со било која од причините наведени во членот 1 на овој закон, што има за цел или последица повреда на достоинството на одредено лице и создавање на застрашувачка, непријателска, потценувачка, понижувачка или навредлива средина на тоа лице, како и во случај на помалку поволно постапување, извршено како резултат на спротивставување или непослушност од страна на загрозеното лице кон такво однесување.

14. “Сексуално вознемирување” е оној облик на дискриминација што се јавува во случај на несакано однесување, вербално или невербално, од сексуална природа, што има за цел или последица да го наруши достоинството на одредено лице и создавање на застрашувачка, непријателска, потценувачка, понижувачка или навредлива средина за него.

15. “Упатство за дискриминација” е упатство или барање за дискриминација на едно или повеќе лица, врз основа на причините наведени во членот 1 на овој закон.

16. “Одвојување” е оној облик на дискриминација што се јавува во случаи кога едно лице или група на лица се одвојуваат од другите без објективно и разумно оправдување и ова одвојување е направено барем за една од причините наведени во членот 1 на овој закон.

17. “Виктимизација” е неповолен третман или негативна последица, заради реакција на жалба или постапка, чија цел е да се примени принципот на еднаквост и не-дискриминација, согласно одредбите од член 1 на овој закон, во врска со наводот за дискриминација на подносителот на жалбата.

Член 3/1

**Потешки облици на дискриминација**

Секое дискриминаторско однесување мотивирано од повеќе причини, направено повеќе од еднаш, кое траело подолг временски период, или кое предизвикало особено штетни последици за жртвата претставува потежок облик на дискриминација.

Член 4

**Субјекти**

1. Со овој закон се опфатени сите лица кои живеат и престојуваат на територијата на Република Албанија.
2. Албанските државјани со привремено или постојано живеалиште надвор од границите на Република Албанија, уживаат заштита, согласно овој закон, во врска со постапувањето на албанските државни органи.
3. Странските физички и правни лица, со живеалиште, престојувалиште или седиште надвор од територијата на Република Албанија, уживаат заштита, што ја нуди овој закон, во врска со Албанските државни органи.

Член 5

**Забрана на дискриминацијата**

1. Се забранува дискриминацијата за причините наведени во членот 1 на овој закон и не земањето во предвид, според случаите наведени во членот 3 на овој закон, на жалби или постапки, како и било која друга форма на однесување која ја загрозува примената на принципот за еднаков третман.
2. Отстранет.

Член 6

**Различен оправдан третман**

1. Забраната за дискриминација пропишана со овој закон не се применува во случаи кога има објективно оправдана цел заснована врз Уставот, спогодбите или меѓународните акти ратификувани од Република Албанија и важечкото законодавство.
2. Различниот третман заснован на карактеристика поврзана со причините наведени во членот 1 на овој закон, не претставува дискриминација кога поради природата на професионалните активности, или условите во кои се врши професијата или активноста, овие карактеристики претставуваат неопходно барање, со услов ставот на различниот третман да биде оправдан и барањето да не го надминува тоа што е неопходно за неговото реализирање.

Член 7

**Заштита од дискриминација**

1. Секое постапување или непостапување на јавните органи или на физички или правни лица, кои учествуваат во животот и јавните и приватните сектори, што создаваат основа за негирање на еднаквоста на едно лице или група на лица, или ги изложува нив на неправеден и нееднаков третман, кога тие се наоѓаат во исти или слични околности, во споредба со други лица или групи на лица, претставува дискриминација.

2. Елиминирање на сите привилегии и на нефер дискриминација, се гарантира за секој, засновано врз лични, политички, економски, социјални или културни права предвидени со Уставот на Република Албанија и меѓународните акти ратификувани од Република Албанија како и согласно законите.

3. Јавните органи имаат обврска да промовираат еднаквост и да спречуваат дискриминација при вршење на нивните функции.

Член 8

**Дискриминирачки реклами**

Се забранува објавувањето на разни реклами и известувања, доколку тие имаат, отворено или имплицитно, намера да дискриминираат, за причините наведени во членот 1 на овој закон.

Член 9

**Учество во политичкиот живот**

Забранета е дискриминацијата при остварување на правото на глас, правото да се биде избран или именуван на јавна функција, заради причините наведени во членот 1 на овој закон.

Член 10

**Свеста и религијата**

1. Се забранува дискриминацијата во врска со остварување на правото на слобода на свест и религија, особено кога станува збор за нивно индивидуално или колективно изразување, во јавниот или приватниот живот, преку обожување, едукација, применување или изведување на ритуалите.

2. Исклучок од оваа одредба може да се дозволи само кога постои разумно и објективно оправдување. Меѓутоа, во секој случај, дозволувањето на дискриминација врз основа на примената на слободата на свест и религија може да се утврди само со закон за јавен интерес или за заштита на правата на други лица. Исклучокот заради оваа причина треба да биде пропорционално со ситуацијата што ја диктира потребата за дискриминација. Во секој случај, дозволата за дискриминација заради примената на слободата на свест и религија не може да ја загрози суштината на слободите и правата и во никој случај не смее да ги надмине ограничувањата предвидени со Европската

конвенција за човекови права.

Член 11

**Позитивни мерки**

Привремената, посебна мерка, што има за цел забрзување на вистинското остварување на начелото на еднаквост, кога нееднаквоста е предизвикана од дискриминација по некоја од основите наведени во членот 1 на овој закон, се смета за позитивна мерка и не претставува дискриминација, согласно одредбите на овој закон. Оваа мерка се прекинува веднаш штом се постигнат целите за еднаков третман и можности.

ВТОРО ПОГЛАВЈЕ

ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ

Член 12

**Забрана на дискриминацијата**

1. Забранета е дискриминацијата на лицето во однос на неговото право на вработување. Дискриминацијата подразбира било каква поделба, ограничување или исклучување што се заснова на причините наведени во членот 1 на овој закон и кои, меѓу другите, се поврзани со:

а) објавувањето на слободното работно место;

б) регрутирањето и изборот на вработени;

в) однесувањето кон вработените на работното место, вклучувајќи го и однесувањето за време на воспоставувањето или промена на работните услови, исплатата, бенефициите и работната средина, однесувањето поврзано со стручното оспособување или при дисциплинските постапки како и отпуштањето или раскинувањето на договорот за вработување;

г) членството во работнички синдикати и можностите за искористување на привилегиите од ова членство.

2. Се забранува секаков вид на вознемирување, вклучително и сексуално вознемирување од страна на работодавачот врз вработен или кандидат за работа или помеѓу вработените.

3. Примената на посебните и привремените мерки, засновани на причините наведени во членот 1 на овој закон, со цел да се забрза еднаквиот третман во обласа на вработувањето, не се смета за дискриминација. Спроведувањето на ваквите мерки, во никој случај, не смее да значи одржување на нееднакви или различни стандарди на трајна основа, а посебните мерки ќе бидат прекинати веднаш штом се постигне целта за еднаков третман и можности.

Член 13

**Обврски на работодавачот**

1.Работодавачот е должен да:

а) го примени, заштити и поттикне принципот на еднаквост и да забрани

секаков облик на дискриминација;

б) преземе неопходни мерки, вклучително и дисциплински мерки, за да ги заштити вработените од дискриминација и виктимизација, во рок од еден месец по дознавањето;

в) одговори ефикасно и во согласност со овој закон на поплаките за дискриминација извршена од нејзините вработени, во рок од еден месец по дознавањето;

2. Работодавачот е должен за подигнување на свеста за овој закон, со негово објавување на јавни места во работната средина, како и да овозможи негово целосно разбирање, со сопствени средства или со помош на стручни правни лица.

Член 14

**Обврските на Советот на министри, надлежниот Министер за труд и социјални работи и надлежниот Министер за внатрешни работи**

Советот на министри, надлежниот Министер за труд и социјални работи и надлежниот Министер за внатрешни работи се одговорни за преземање на мерки со позитивен карактер за борба против дискриминацијата во однос на правото за вработување. Мерките кои се преземаат, меѓу другите, се:

а) подигање на свеста за овој закон кај вработените и работодавачите, меѓу другото, преку обезбедување информации за овој закон;

б) воспоставување на посебни и привремени политики, засновани на причините наведени во членот 1 на овој закон, со цел поттикнување на еднаквоста, особено меѓу мажите и жените, како и помеѓу лицата со целосна физичка способност и лицата со одредена ментална и телесна попреченост.

Член 15

**Права на вработените**

1. Секој вработен има право да поднесе жалба до работодавачот, до Комесарот за заштита од дискриминација или до судот, ако смета дека претрпел дискриминација. Оваа одредба не го ограничува правото на жалба до посебни институции, основани во рамките на различни сектори за вработување.

2. За време на периодот на разгледување на жалбата, вработениот има право да продолжи да работи во согласност со условите на договорот.

3. Вработениот има право да добива информации во секое време во врска со постапката на жалбата, како и да добива објаснувања за одлуките донесени од работодавачот, како одговор на неговата жалба, веднаш по разгледувањето.

4. Ако работодавачот не преземе мерки за испитување и решавање на жалбата за дискриминација, вработениот кој ја поднел истата има право да ја прекине работата, без да го изгуби правото на исплата на плата, се додека е потребно да се заштити од дискриминацијата. Согласно овој член, вработениот ја враќа добиената плата, во случај кога наводната дискриминација не би се докажала со правосилна одлука.

Член 16

**Примена на законот за самовработените лица**

Одредбите од Второто поглавје на овој закон се применуваат во однос на условите за прифаќање во одредена професија и добивање дозволи за вршење на професијата, особено во случаи кога лицата се самовработени.

## ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ

## ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

### Член 17

**Забрана на дискриминација**

1. Се забранува секоја разлика, ограничување или исклучок заснована на причините наведени во членот 1 на овој закон, и кои, меѓу другите, се поврзани со:

а) основање на јавни или приватни институции кои нудат образовни или професионални услуги;

б) финансирање на јавни институции кои нудат образовни и професионални услуги;

в) содржината на принципите и критериумите на воспитно – образовната работа, вклучително и наставните програми и методи;

г) третманот на студентите или учениците, вклучувајќи го приемот, евалуацијата, спроведувањето или исклучувањето на дисциплинските мерки;

2. Забрането е одбивањето на приемот на лице или група лица во јавната образовна установа, за причините наведени во членот 1 на овој закон.

3. Се забранува какво било вознемирување, особено сексуално вознемирување на студентите, учениците и вработените во образовните институции.

4. Примената на посебни и привремени мерки, засновани на причините наведени во членот 1 на овој закон, со цел да се забрза еднаквиот третман во областа на образованието, не се смета за дискриминација. Спроведувањето на ваквите мерки, во никој случај, не смее да значи одржување на нееднакви или различни стандарди на трајна основа, а посебните мерки ќе бидат прекинати веднаш штом се постигне целта за еднаков третман и можности.

### Член 18

**Должности на Советот на министри и надлежниот министер за образование и наука**

1. Советот на министри и надлежниот министер за образование и наука се одговорни за преземање на мерки од позитивна природа за борба против дискриминацијата во однос на правото за образование.

2. Советот на министри и надлежниот министер за образование и наука, меѓу другото, секој презема мерки за:

а) подигање на свеста за овој закон во образовниот систем, со воведување информации во наставните програми;

б) воведување во наставните програми на концепти и активности против моделите на дискриминаторско однесување;

в) едукација на целото население, особено со преземање мерки во корист на жените и девојчињата, малцинствата, лицата со ментална и телесна попреченост, како и лицата кои се, или се со поголема веројатност да бидат предмет на дискриминација, согласно причините наведени во членот 1 на овој закон;

г) почитување и обезбедување на правото на образование на јазиците на малцинствата, како и на соодветни услови за лицата со ментална и телесна попреченост.

Член 19

**Должности на раководителот на образовната институција**

Раководителот на образовната институција е одговорен за преземање мерки од позитивен карактер во соодветната институција, за борба против дискриминацијата во однос на правото на образование. Мерките кои се преземаат, меѓу другите се и:

а) подигање на свеста за овој закон во рамките на институцијата, меѓу другото и со објавување на законот на видливо место;

б) борба против моделите на дискриминаторско однесување што сочинуваат или поттикнуваат дискриминација во рамките на институцијата;

в) преземањето на неопходните мерки, вклучително и дисциплински мерки, за да ги заштити вработените од дискриминација и виктимизација, во рок од еден месец по добивањето на информацијата за наводна дискриминација;

г) ефективно постапување со жалбите и поплаките за дискриминација во институцијата, со разгледување на секоја од нив, во рок од 30 дена од нејзиното дознавање;

д) изрекување дисциплински мерки за секое лице за кое ќе се потврди дека сторил дискриминаторско дело кога такво нешто е соодветно, пропорционално и во согласност со надлежностите на директорот.

ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ
ЗАБРАНА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ОБЛАСТА НА СТОКИ И УСЛУГИ

Член 20

**Добра и услуги**

1. Физичкото или правното лице кое нуди добра и услуги на јавноста, со или без плаќање, се забранува да дискриминира друго лице кое сака да ги добие или користи истите:

а) со одбивање да му даде на лице или група на лица, добра и услуги за некоја од причините наведени во членот 1 на овој закон;

б) со одбивање да му понуди на лице добра или услуги на сличен начин или со слични квалитети, или во услови слични на оние во кои овие добра или услуги се нудат на пошироката јавност.

2. Точката 1 на овој член посебно се применува за:

а) можност да се влезе на места каде што е дозволено влегување на јавноста или да се користи место кое е дозволено да се користи од јавноста;

б) можност за примање или корист од добра или услуги поврзани со здравјето;

в) придонесот и можноста да се искористи шемата за социјална заштита, вклучувајќи ја социјалната помош, социјалното осигурување, заштита на децата, надоместок за попреченост или која било друга шема за социјална заштита или друга социјална предност понудена на јавноста;

г) можност за користење или влегување во образовна институција;

д) сместување на место каде е обезбедено домување;

ѓ) продажба или изнајмување на домови и други простории;

е) банкарски услуги и можности за добивање грантови, заеми, банкарски депозити или друг вид на финансирање;

ж) олеснувања за забава, релаксација и освежување;;

з) погодност за превоз или патување;

ѕ) услуги на независните професии.

3. Секое физичко или правно лице, кое нуди добра и услуги на јавноста, е забрането да не прифаќа или да се спротивставува на реализација на неопходни и соодветни измени или прилагодувања, кои имаат за цел да овозможат корист од овие добра и услуги од лице со физичка и ментална попреченост, се додека овие измени или прилагодувања не наметнуваат непропорционално или незаконско оптоварување на лицето кое обезбедува добра и услуги.

4. Одбивањето, според точката 1 на овој член, ги вклучува и ситуациите кога истото е всушност засновано на причините споменати во членот 1 на овој закон, но други причини се изјаснети од страна на дискриминирачкиот субјект, или нема никаква причина за одбивањето.

5. Разликите при добивки и надоместоци, утврдени од причини наведени во членот 1 на овој закон, не претставуваат дискриминација, кога овие разлики се разумни и пропорционални на ризик, кој се проценува врз основа на тековните и статистичките податоци кои може да се потврдат и се директно поврзани со ризикот.

6. Трошоците поврзани со бременоста и мајчинството не можат да бидат причини за разлики при исплатата на надоместоци и придобивки за лицето.

7. Забраната за дискриминација не се однесува на утврдување на одредена возраст за можности за социјални бенефиции, добра, установи и услуги, доколку постојат разумни и објективни критериуми за доделување, без да се наруши суштината на правото на бенефиции и кога бенефицијата има за цел да постигне легитимна цел од јавен интерес или да ги заштити правата на другите, секогаш во директна пропорција со ситуацијата што го предизвика доделувањето.

## ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ

## КОМЕСАРОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

### Член 21

### **Комесарот**

1. Комесарот за заштита од дискриминација, во натамошниот текст комесар, обезбедува ефикасна заштита од дискриминација и каква било форма на однесување што промовира дискриминација. Комесарот е јавно правно лице.

2. Комесарот е поддржан од Канцеларијата на комесарот за заштита од дискриминација (во натамошниот текст: канцеларија). Канцеларијата го има потребниот персонал и опрема за поддршка на комесарот во исполнувањето на задачите утврдени со закон.

3. Собранието одлучува за платата на комесарот, организационата структура и класификацијата на платите за вработените во Канцеларијата на комесарот за заштита

од дискриминација. Вработените во оваа канцеларија уживаат статус на државен службеник.

4. Комесарот има свој независен буџет, кој е финансиран од Државниот буџет и од разни донации.

Член 22

**Статус**

Комесарот е независен во вршењето на своите должности и е предмет само на Уставот и законот.

Член 23

**Начинот на избор на комесарот**

1. Комесарот се избира со мнозинство од сите членови на Собранието.
2. Потенцијалните кандидати за комесари се предлагаат до Собранието од група пратеници.
3. Пред да ја преземе функцијата или повторно да ја преземе функцијата, комесарот дава заклетва пред Собранието.
4. Заклетвата е: „Се колнам дека за време на извршувањето на моите должности секогаш ќе го бранам принципот на еднаквост, во согласност со Уставот и законите на Република Албанија“.

Член 24

**Условите за избор на комесарот**

Секој албански граѓанин кој ги исполнува следниве услови може да биде избран за комесар:

а) да има висок морален интегритет и истакнати активности во заедницата;

б) да има универзитетска диплома од втор циклус или нострифицирана диплома, во согласност со правилата за нострификација на дипломите според законодавството на сила;

в) да има работно искуство не помалку од 5 години во областа на човековите права и слободи и на законот;

г) да не е осуден со правосилна одлука за сторено кривично дело;

д) а не биде пратеник во Собранието што дава свој предлог или избор.

Член 25

**Времетраење на функцијата**

Комесарот се избира со мандат од пет години, со право да биде реизбран само еднаш.

Член 26

**Известување**

Комесарот доставува извештај најмалку еднаш годишно до комисиите на Собранието. Извештајот вклучува анализа на спроведувањето на овој закон воопшто, како и работата на комесарот и канцеларијата.

Член 27

**Престанок на мандатот**

Мандатот на комесарот престанува кога:
а) ќе истече пет годишниот рок;
б) се разрешува од функцијата;
в) ќе поднесе писмена оставка до Собранието;
г) би починал.

Член 28

**Случаите на разрешување на комесарот од функцијата**

1. Комесарот е разрешен од функцијата само во случаи кога:
а) е осуден со правосилна судска одлука за извршување на кривично дело;
б) се потврдува неможноста за вршење на должноста за повеќе од три месеци;
в) спроведува активности спротивни на одредбите на овој закон, Уставот или законодавството што е во сила.

2. Предлогот за разрешување на комесарот се поднесува од страна на најмалку 1/3 од пратениците во Собранието. Одлуката за разрешување на комесарот се донесува со мнозинство гласови од сите членови на Собранието.

Член 29

**Избор на комесарот**

Собранието го избира новиот комесар во рок од еден месец по завршување на мандатот на претходниот комесар. Кога ќе заврши 5-годишниот мандат на комесарот, тој останува на функцијата се додека не биде избран новиот комесар.

Член 30

**Инкомпатибилност со функцијата на комесарот**

На комесарот му е забрането да учествува во политички партии или организации, да извршува политички, државни и професионални дејности, како и да учествува во органите на управување на социјални, економски и трговски организации. Комесарот може да врши наставна дејност како и да објавува литературни и научни трудови, без да влијае во вршењето на својата редовна функција.

Член 31

**Обезбедување на последователна работа на комесарот**

По престанокот на функцијата, согласно точките „а“ и „в“ од членот 27 на овој закон, комесарот, кој за време на назначувањето вршел државна функција или јавна

работа, има право да се врати на истата функција или работа што ја имал пред да биде избран за комесар. Кога тоа не е можно, му се обезбедува работа еквивалентна на она што ја имаше пред да биде избран за комесар.

Член 32

**Надлежности**

1. Комесарот е надлежен:

а) да ги разгледува жалбите на лицата или групите на лица кои тврдат дека биле дискриминирани, како што е предвидено во овој закон и во законот за „Родова еднаквост во општеството“;

б) да ги разгледува жалбите на организациите кои имаат легитимен интерес да дејствуваат во име и со писмена согласност на поединци или групи на лица кои тврдат дека биле дискриминирани или било извршена дискриминација во нивно име за прашања што се однесуваат на колективниот интерес;

в) да спроведе административни истраги по добивање на веродостојни информации за прекршувања на овој закон;

г) да воведе административни санкции, како што е дефинирано со овој закон;

д) да го промовира принципот на еднаквост и недискриминација, особено преку подигање на свеста и информации за овие прашања, вклучително и обезбедување на пишани информации, меѓу другото, за овој закон, на албански јазик, на јазиците на малцинствата, како и во формати користени од лица со ментална и телесна попреченост;

ѓ) да го следи спроведувањето на овој закон и законот „За родова еднаквост во општеството“;

е) да спроведува анкети во врска со дискриминацијата;

ж) да дава препораки до надлежните органи, особено предлагајќи усвојување на ново законодавство или измени и реформирање на постојното законодавство;

з) да објавува извештаи и да дава препораки за кое било прашање во врска со дискриминација;

ѕ) да се обраќа директно на јавноста за кое било прашање поврзано со дискриминација;

и) по барање на судот што го разгледува случајот, да достави писмено мислење за какво било прашање поврзано со дискриминацијата;

ј) да придонесе за известување и, каде што е соодветно, да доставува извештаи до меѓународните и регионалните тела;

к) да покрене тужби, во одбрана на принципот на еднаквост и недискриминација, за прашања поврзани со колективните интереси;

л) да го вклучи Уставниот суд, кога за време на својата активност ќе утврди дека законот или нормативниот акт ги загрозуваат основните права и слободи на поединците;

љ) да развива редовен дијалог, во врска со прашањата поврзани со дискриминацијата, со соодветните социјални групи, вклучително и невладините организации;

м) да развива активности за подигање на свеста и едукацијата кои помагаат во спроведувањето на овој закон.

2. Сите јавни институции и приватни субјекти се должни да го поддржат комесарот, обезбедувајќи му ги потребните информации и гарантирајќи му пристап до информации при извршување на неговите должности.

3. За разгледување на жалбите упатени до него, комесарот ги применува нормите предвидени во Законот за општа управна постапка, со исклучок на постапките предвидени со овој закон.

4. Обврската спомената во точката 2 на овој член се исполнува во согласност со законодавството што го регулира правото на информации и заштита на личните податоци.

Член 33

**Постапките**

1. Лице или група на лица кои тврдат дека биле дискриминирани, или организација со легитимни интереси која тврди дека било извршено дискриминација во име на лице или група на лица, може да поднесат тужба, заедно со достапните докази, пред комесарот, во писмена форма или во исклучителни случаи усно, со цел да може да се води записник.

2. Организациите со легитимни интереси можат да побараат спроведување на административни истраги преку давање на доверливи информации, како и застапување на лице или група на лица, откако добиле писмена согласност или воделе записник во присуство на вработен во институцијата, за застапување на лицето или групата на лица.

3. Во жалбата се наведени најмалку:

а) името на жалителот;

б) објаснување за тоа како може да се контактира подносителот на жалбата;

в) субјектот за кој се тврди дека извршил дискриминација или објаснување за неможноста да се идентификува;

г) образложение за наводната дискриминација;;

д) мерките што се бараат од Комесарот;

ѓ) датумот и потписот на жалителот или неговиот застапник.

4. Жалбата нема да се прифати доколку:

а) е укината;

б) претставува злоупотреба на правото на жалба до комесарот, или не е во согласност со одредбите на овој закон;

в) истата се разгледува во рамките на друга жалба, или за неа е донесена претходна одлука и нема нови податоци;

г) е очигледно неоснована, или нема доволно информации за да се започне истрага;

д) сите факти што ја сочинуваат суштината на жалбата се случиле пред стапувањето во сила на овој закон;

ѓ) се поднесува подоцна од три години по појавата на дискриминацијата или подоцна од две години по дознавањето за дискриминаторското однесување.

5. Физичките или правните лица, против кои е поднесена тужбата, се известуваат во писмена форма од комесарот во рок од 15 дена од денот на

регистрацијата на жалбата.

6. Комесарот не му наплаќа на жалителот никаква такса за разгледување на жалбата.

7. По регистрација на жалбата, Комесарот ги проверува фактите. За таа цел, Комесарот може да побара од подносителот на жалбата и од лицето против кое е упатена жалбата да достават писмени поднесоци во рок од 10 работни дена од денот кога страните го добиле известувањето. Кога смета дека е потребно, комесарот исто така добива информации од кое било друго лице или извор.

7/1. Во случаи кога подносителот на жалбата презентира факти врз кои тој го заснова наводот за дискриминаторско однесување и врз основа на кои може да се претпостави дека имало дискриминација, другата страна, против која е поднесена жалбата, е должна да докаже дека фактите не претставуваат дискриминација.

7/2. Кога е потребно посебно знаење за да се утврдат или разјаснат фактите во врска со разгледувањето на жалбата, Комесарот може да побара специјализирано мислење од експерти во одредени области.

7/3. Во случаи кога жалбите доставени до Комесарот, упатени за исти субјекти, имаат ист предмет, тие можат да се спојат во една жалба.

7/4. Кога Комесарот е известен дека жалителот поднел тужба до судот со наод за дискриминација, додека истата жалба ја поднел до Комесарот за заштита од дискриминација и случајот се разгледува, Комесарот одлучува да го прекини случајот.

8. Кога смета дека е соодветно, Комесарот одржува јавна расправа на која ги поканува страните и сите други заинтересирани лица.

9. Кога смета дека е соодветно, Комесарот се обидува да постигне договор за спогодување помеѓу жалителот и лицето против кое е поднесена жалбата.

10. Комесарот донесува решение за кое страните ќе бидат известени во рок од 90 дена од денот на регистрација на жалбата или доколку е одржано јавно сослушување, во рок од 90 дена од денот на сослушувањето. Одлуката ги содржи потребните прилагодувања и мерки, утврдувајќи краен рок за нивно спроведување.

11. Ако Комесарот нареди прилагодувања или мерки, субјектот против кого е поднесена жалбата, доставува извештај до Комесарот во рок од 30 дена во врска со преземените активности за спроведување на одлуката. Доколку субјектот, против кој е поднесена жалбата, не го известува Комесарот или не ја спроведува одлуката, Комесарот изрекува парична казна за субјектот против кого е поднесена жабата. Оваа парична санкција се укинува доколку субјектот против кој е поднесена жалбата, ќе ја спроведе одлуката во рок од седум дена по изрекувањето на санкцијата.

12. Кога Комесарот ја изрекува мерката, тој мора да се осигури дека таа ќе биде:

а) ефективна и превентивна; и

б) сразмерно на ситуацијата што предизвика изрекување на мерката.

Доколку се изрече казна, Комесарот го одредува износот на казната земајќи ги предвид:

i) природата и обемот на делото и влијанието врз жртвата; и

ii) личните и финансиските околности на сторителот, особено земајќи ги предвид сите извори на приход и ако делото е сторено од приватно правно лице, се земаат во предвид билансот на состојба и средствата за добивка, како и вкупните плати исплатени на вработените;

в) ако со истиот прекршок се дискриминираат повеќе лица, се изрекува само една парична казна, но земајќи ги предвид барањата од точката „б“ на овој член.

13. Секое лице кое ќе ги прекрши одредбите на овој закон ќе се казни со парична казна на следниов начин:

а) физичко лице, од 10 000 до 60 000 леки;

б) правно лице од 60 000 до 600 000 леки;

в) физичко лице во рамките на правно лице, кое е одговорно за прекршок, од 30 000 до 80 000 леки;

г) лице кое врши јавна функција и е одговорен за прекршување според овој закон, од 30 000 од 80 000 леки.

д) физичко или правно лице, кое врши една или повеќе сериозни форми на дискриминација, двојно повеќе од износот на паричната мерка предвидена во буквите „а“, „б“, „в“ и „г“ од точката 13, на членот 33.

14. Одлуката за изрекување казна со парична мерка, исто така, се поставува разумен рок во кој се плаќа казната.

15. Како последно средство, особено кога физичкото или правното лице не ја почитува одлуката на Комесарот или не ја плати казната во рок од три месеци по истекот на рокот утврден од Комесарот и санкцијата не е оспорена на суд, Комесарот може да побара од надлежните органи да ја отстранат или прекинат дозволата или овластувањето на физичкото или правното лице за вршење на нивната активност.

16. Во случаи кога одлуката на Комесарот е вратена по пошта со назнака „непозната дестинација“ или „дестинацијата не е пронајдена“ и, следствено, подносителот на жалбата и субјектот против кого е упатен жалбата не можат да бидат информирани за мерките преземени од Комесарот за заштита од дискриминација, резимето на одлуката ќе биде објавено во просториите на Комесарот за заштита од дискриминација.

17. Јавните медиуми имаат обврска да го објават резимето со конечните одлуки на Комесарот за заштита од дискриминација, со предмет говорот на омраза.

18. За одлуките на Комесарот за заштита од дискриминација се поднесува жалба при надлежниот суд според правилата утврдени со законодавството на сила за пресуда на административни спорови.

Член 33/1

**Извршување на казните и одлуките на Комесарот**

1. Сторителот ги плаќа паричните казни не подоцна од 45 дена од нивното известување. По истекот на овој рок, дадената одлука се претвора во извршен назив и е задолжително извршена од канцеларијата на извршителот, по барање на Комесарот.

2. Паричната казна се собира во државниот буџет.

## ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ

## ПОСТАПКИ ПРЕД СУДОТ

Член 34

**Субјекти кои имаат право да поднесат тужби за дискриминација**

1. Секое лице или група на лица, кои тврдат дека биле дискриминирани за една од причините наведени во членот 1 на овој закон, можат да поднесат тужба до надлежниот суд според одредбите на Кодексот за парична постапка за надомест на

штета, според законот, или во некои случаи, да поднесат извештај при надлежните органи за кривично гонење.

2. Поднесувањето на жалба пред Комесарот, не е услов за поднесување тужба и не претставува пречка за повреденото лице да се обрати до судот или органите за кривично гонење.

3. Организација со легитимен интерес може да поднесе тужба во име на лице или група на лица, под услов организацијата да има согласност со специјално полномоштво или со изјава пред судот на лицето или групата на лица кои се предмет на дискриминација.

4. Комесарот за заштита од дискриминација и организациите со легитимни интереси имаат право да поднесат тужба пред надлежниот суд во одбрана на принципот на еднаквост и недискриминација за прашања поврзани со колективни интереси.

Член 35

**Индивидуална одговорност**

Секое лице има одговорност според одредбите на овој закон, кога со своите постапки или пропусти, извршил дискриминаторско дело во смисла на овој закон. Индивидуалната одговорност не ја исклучува одговорноста на државата или на приватното правно лице.

Член 36

**Постапки пред судот**

1. Тужбата се доставува до надлежниот суд од страна на еден од субјектите предвидени во членот 34 на овој закон, најдоцна во рок од 5 години од денот на настанувањето на наводното дискриминаторско однесување и најдоцна во рок од 3 години од денот кога оштетеното лице дознал за овој чин.

2. Оштетената страна нема обврска да го извести Комесарот пред да покрене тужба за дискриминација до судот.

3. Судот го известува Комесарот за поднесување на каква било тужба за дискриминација.

4. Судот може да побара од Комесарот, во која било фаза на постапката, да достави писмено мислење, резултатите од неговата истрага доколку е извршена истрага, или какви било други информации кои се важни за случајот.

5. Тужителот има обврска да донесе докази во прилог на тужбата, користејќи ги сите правни докази што можат да докажат дискриминаторско однесување.

6. Откако тужителот ќе ги презентира факти, врз основа на кои го заснова своето тврдење и врз основа на кои судот може да претпостави дискриминаторско однесување, тужениот е должен да докаже дека фактите не претставуваат дискриминација според овој закон.

Член 37

**Одлуката на судот**

1. Со одлуката, судот утврдува надомест на штета доколку одлучи дека постои прекршување на овој закон, вклучително и временски рок за извршување на надоместокот.

2. Одлуката на судот се доставува до сите заинтересирани страни, вклучително и до Комесарот.

3. Изрекувањето на мерки, според овој закон, не го исклучува изрекувањето на мерки во согласност со други закони.

Член 38

**Надомест на штета**

Надоместокот на штета, меѓу другото вклучува корекција на законските прекршоци и нивните последици преку враќање во претходната состојба, соодветен надомест на имотни и неимотни штети или преку други соодветни мерки.

СЕДМО ПОГЛАВЈЕ

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 39

**Подзаконски акти**

1. Комесарот е задолжен да издаде правилник за функционирање на канцеларијата во рок од 3 месеци од денот на неговото назначување.
2. Советот на министри е должен да донесе подзаконски акти за спроведување на членот 18 на овој закон во рок од 6 месеци од неговото влегување во сила.

Член 40

**Влегување во сила**

Овој закон стапува во сила 15 дена по објавувањето во Службениот весник.

**Објавен со указ бр. 6433, на 24.2.2010 година на Претседателот на Република Албанија, Бамир Топи.**